# З А К О Н
# ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕТО И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО НА ГРАЃАНИТЕ*
## Редакциски пречистен текст[1]

**Член 1**

Со овој закон се уредува начинот на пријавување и одјавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, како и пријавување на промената на адресата на станот.

**Член 2**

Живеалиште е место и адреса во Република Северна Македонија каде што граѓанинот живее, односно се населил со намера постојано да живее заради остварување права и обврски од семејниот, професионалниот, економскиот, социјалниот, културниот живот, како и остварување слични интереси.

Престојувалиште е место и адреса во Република Северна Македонија во кое граѓанинот привремено престојува поради одредени причини, без да има намера постојано да живее.

Место е градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа, општината, односно градот и селото во состав на општината.

Адреса е улица или булевар и куќен број или друг инфраструктурен објект (плоштад и слично).

Бездомник е лице кое нема живеалиште и личен документ за идентификација издаден од надлежен орган во Република Северна Македонија.

**Член 3**

При промена на живеалиштето, по донесување на новото решение за пријавување живеалиште, на граѓанинот му се одјавува претходното живеалиште.

Граѓанинот е должен во рок од осум дена да ја пријави промената на адресата на станот во живеалиштето.

---

* Со овој закон се врши усогласување со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 на Европскиот парламент и на Советот од 23 јули 2014 година за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции на внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/ЕЗ, CELEX бр.32014R0910

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр.36/92, Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.12/93, Законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.43/00 , Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.66/07, Законот за дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.51/11, Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.152/15, Законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РМ" бр.55/16, Законот за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.302/20, Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.67/22 и Законот за изменување и дополнување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, објавен во "Службен весник на РСМ" бр.209/23, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

Пријавување и одјавување на живеалиштето, како и промена на адресата на станот во живеалиштето за малолетните деца го врши родителот или старателот.

По исклучок, лице постаро од 15 години живот кое е вработено или склучило брак, лично го пријавува, односно одјавува живеалиштето и промената на адресата на станот.

Граѓанин кој подолг временски период е сместен во социјална, односно здравствена установа, може да пријави живеалиште на адреса на социјалната, односно на здравствената установа.

Бездомник може да пријави живеалиште на адреса на Центарот за социјална работа, или на адреса на физичко лице кое се согласило бездомникот да пријави живеалиште на неговата адреса.

**Член 3-а**

Пријавување и одјавување живеалиште и пријавување промена на адреса на стан се врши врз основа на поднесено барање од страна на граѓанинот. Барањето со потребната документација може да се поднесе и во електронска форма преку квалификувана електронска препорачана достава со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

Бездомник кој пријавува живеалиште на адреса на Центар за социјални работи, барањето од ставот 1 на овој член го поднесува во присуство на службено лице од Центарот за социјални работи.

Кон барањето од ставот 1 на овој член се доставува еден од следниве документи:

- доказ за сопственост на станот на кој се пријавува живеалиштето,
- договор за закуп на станот на кој се пријавува живеалиштето склучен во писмена форма и заверен од нотар,
- договор за послуга склучен во писмена форма и заверен од нотар,
- договор за доживотна издршка склучен во писмена форма и заверен во согласност со закон, со кој се воспоставува заедница на живот на давателот и примателот на доживотната издршка,
- писмена потврда издадена од општината, со која се потврдува постоење бесправно изграден објект за живеење на кој не му е утврден правниот статус (со или без поднесено барање за утврдување правен статус на бесправно изграден објект), со наведување постојна улица и број а, доколку ја нема, се наведува најблиската улица,
- решение за данок на имот за станбен објект во кој граѓанинот живее и доказ за платен данок за имот за наведениот објект,
- писмено известување за граѓанинот од социјалната, односно здравствената установа во која е сместен, во кое се наведува адресата на установата и целта поради која се дава известувањето или
-писмено известување за бездомник од надлежниот центар за социјална работа до Министерството за внатрешни работи.

Кога кон барањето е доставена потврда од ставот 3 алинеја 5 на овој член или решение од ставот 3 алинеја 6 на овој член, Министерството за внатрешни работи врши теренска проверка заради утврдување на фактичката состојба.

Доколку граѓанинот не може да достави некој од доказите од ставот 3 на овој член, кон барањето од ставот 1 на овој член може да достави писмена изјава заверена на нотар од физичко лице кое е сопственик на стан, кое се согласило граѓанинот да пријави живеалиште на неговата адреса, кон која се приложува и доказ за сопственост на станот.

Лице над 18 години пријавува промена на живеалиште или промена на адреса на стан на адреса на родител врз основа на дадена изјава од страна на родителот пред работник од надлежната служба во Министерството за внатрешни работи.

При промена на живеалиште, односно промена на адреса на стан на подрачјето на различни општини, Министерството за внатрешни работи донесува решение во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето од ставот 1 на овој член. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ, кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од подносителот на барањето, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Решението од ставот 7 на овој член се издава на подносителот на барањето од ставот 1 на овој член.

Против решението од ставот 7 на овој член може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги во рок од осум дена од денот на поднесувањето на решението.

По барањето од ставот 2 на овој член Министерството за внатрешни работи донесува решение во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на граѓанинот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронската адреса наведена од подносителот на барањето, во согласност со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Решението од ставот 10 на овој член се подигнува од страна на бездомникот во присуство на службено лице од центарот за социјални работи.

При промена на живеалиште, односно промена на адреса на стан на подрачјето на иста општина, односно на подрачјето на општините во Градот Скопје, Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето врши евидентирање на промената во евиденцијата за живеалиште.

Пријавување престојувалиште на граѓанинот се врши врз основа на поднесено барање.

При пријавување престојувалиште Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето врши евидентирање на престојувалиштето на граѓанинот во евиденцијата за престојувалиште.

**Членот 3-б е избришан, види**: Закон за изменување на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на РМ" бр.55/16).

**Член 4**

Граѓанинот кој има намера да престојува подолго од 30 дена надвор од местото на своето живеалиште должен е да го пријави престојувалиштето во рок од осум дена по доаѓањето во местото на престојувалиштето.

Одредбите од член 3 став 3 на овој закон соодветно се применуваат и при пријавување, односно одјавување на престојувалиштето.

**Член 5**

Кога граѓанинот користи услуги за сместување во угостителски, туристички претпријатија, студентски домови или интернати, односно други правни лица кои вршат таква дејност или кај лица кои даваат услуги на сместување, пријавувањето и одјавувањето на престојувалиштето го врши давателот на услугата без оглед на должината на престојот на граѓанинот.

Пријавувањето на престојувалиштето се врши најдоцна во рок од 48 часа по сместувањето, а одјавувањето пред напуштањето на објектот во кој граѓанинот бил сместен.

Кога граѓанинот користи услуги за сместување во угостителски, туристички претпријатија, студентски домови, интернати, односно други правни лица кои вршат таква дејност, пријавувањето може да се изврши преку профилот на правното лице на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Кога граѓанинот користи услуги за сместување кај лица кои даваат услуги на сместување, пријавувањето може да се изврши и со пријава во форма на електронски документ доставена преку квалификувана електронска достава на електронската адреса на Министерството за внатрешни работи, согласно со прописите од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 6**

Обврската за пријавување, односно одјавување на престојувалиштето не се однесува за: воените лица кои престојуваат во касарните или други воени установи, работници на Министерството за внатрешни работи сместени во објекти за посебна намена на Министерството, осудените лица кои се на издржување на казна затвор во казнено-поправни установи или воспитно-поправни домови, како и лицата кои се наоѓаат на лекување во здравствена установа.

**Член 7**

Граѓанинот е должен на секои шест месеци непрекинат престој во одредено место, да го обновува пријавувањето на престојувалиштето.

Ако граѓанинот користи и услуги во смисла на член 5 став 1 на овој закон обврската за пријавување на престојот на секој шест месеци ја врши давателот на услугата.

**Член 8**

Граѓанинот кој има намера привремено да престојува во странство од три месеци до една година или да биде на привремена работа во странство повеќе од една година, должен е непосредно пред заминувањето да го пријави одењето во странство кај надлежниот орган во местото на живеалиштето, или на граничниот премин, или непосредно по заминувањето во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Северна Македонија во таа земја, односно во рок од три дена да го пријави враќањето во живеалиштето на Република Северна Македонија.

Во случајот од став 1 на овој член, граѓанинот е должен да ги пријави и малолетните деца кои патуваат со него.

За граѓаните кои не го пријавиле заминувањето во странство подолго од три месеци, надлежниот орган по службена должност ќе врши евидентирање.

**Член 9**

Пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето односно престојувалиштето, како и промената на адресата на станот се врши во Министерството за внатрешни работи и со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник за административни услуги по електронски пат, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги.

При пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето, односно престојувалиштето на лицето му се издава потврда и на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронска адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 10**

При пријавување и одјавување на живеалиштето, односно престојувалиштето, како и при пријавување на промената на адресата на станот, граѓанинот е должен да приложи лична карта или друга исправа заради утврдување на идентитетот.

**Член 11**

Контрола на пријавувањето и одјавувањето на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните, односно на пријавувањето на промената на адресата на станот врши Министерството за внатрешни работи.

Кога Министерството за внатрешни работи ќе утврди дека пријавата за живеалиштето, односно престојувалиштето, како и промена на адреса на станот содржи невистинити податоци донесува решение за поништување на пријавата и бришење на лицето од евиденцијата за живеалиштето. Решението може да се издаде и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или преку квалификувана електронска препорачана достава на електронска адреса наведена од подносителот на барањето, согласно со прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

**Член 12**

Министерството за внатрешни работи води евиденција за живеалиштето и за престојувалиштето на граѓаните.

Во евиденцијата за живеалиштето се собираат, обработуваат и чуваат следниве лични податоци: реден број, датум на приемот на барањето, подносител на барањето, кратка содржина на барањето, записник за дејства во постапката со број и датум, одлука по барањето (уважено, одбиено, отфрлено), рок на решавање (во законски рок или по истекот на законски рок) и забелешка.

Евиденцијата за живеалиштето може да се води и во евиденцијата за издадени лични карти.

Во евиденцијата за престојувалиштето се собираат, обработуваат и се чуваат следниве лични податоци: реден број, име и презиме на лицето што пријавува престојувалиште, број на лична карта и орган кој ја издал, адреса на која се пријавува, датум на пријавување и забелешка.

Личните податоци содржани во евиденциите од ставот 1 на овој член се обработуваат заради остварување на целите утврдени со овој закон, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Личните податоци содржани во евиденциите од ставот 1 на овој член се чуваат трајно.

Министерството за внатрешни работи обезбедува заштита на податоците од ставот 1 на овој член од неовластен пристап и користење на истите.

**Член 13**

Правните лица и лицата од член 5 став 1 на овој закон должни се да водат точна и уредна книга за престојувалиште на лицата на кои им даваат услуги на сместување ( книга на гости).

Пред првата употреба, книгата на гостите се заверува во Министерството за внатрешни работи и истата се чува најмалку три години од денот на последното евидентирано престојување.

Овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи имаат право на увид во книгата на гостите.

**Член 14**

Државните органи, правните лица и физичките лица можат да ги користат податоците од евиденциите во согласност со закон, кога за тоа имаат правен интерес.

**Член 15**

Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:

1. не го пријави, односно одјави лицето во смисла на член 5 и член 7 став 2 на овој закон и

2. не води книга на гости или ја води неточно или неуредно или ако на овластеното службено лице на Министерството за внатрешни работи не му овозможи увид во книгата на гостите (член 13).

Глоба во износ од 15 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на лицето – давател на услуги за сместување на граѓани.

**Член 15-а**

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во членот 15 од овој закон, ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

**Член 16**

Глоба во износ од 15 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое нема да пријави или одјави живеалиште, односно престојувалиште или адреса на станот или тоа не го стори во пропишаниот рок (членови 3, 4 став 1, 7 став 1 и 8 став 1).

**Член 16-а**

За прекршоците предвидени во членот 16 на овој закон прекршочната постапка ја води комисија на Министерството за внатрешни работи.

По исклучок од ставот 1 на овој член, кога сторителот на прекршокот е странец, прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

Комисијата од ставот 1 на овој член е составена од два члена и претседател на комисијата.

Членовите на комисијата имаат завршено високо образование и работно искуство од најмалку четири години на предметната материја, а претседателот на комисијата е дипломиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку шест години на предметната материја.

Остварувањето на правото на правен лек против одлуката на комисијата од ставот (1) на овој член, како и постапката по правниот лек се спроведува согласно со Законот за прекршоците.

**Член 16-б**

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

**Член 17**

Министерот за внатрешни работи ќе донесе подзаконски прописи за обрасците за пријавување и одјавување на живеалиште и престојувалиште и пријавување на промена на адресата на станот, за обрасците за евиденција за живеалиштето, престојувалиштето и промената на адресата на станот, како и образецот на книгата на гостите, во рок од три месеци по влегувањето во сила на законот.

До донесувањето на прописите од став 1 на овој член, ќе се применуваат досегашните прописи.

**Член 18**

Државјаните на Република Македонија кои до денот на влегувањето во сила на овој закон го пријавиле живеалиштето, не се должни да го пријават живеалиштето според одредбите на овој закон.

**Член 19**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните ("Службен весник на СРМ" бр. 15/72, 24/85, 15/88 и 19/90).

**Член 20**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.12/93)**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.43/00)**

**Член 3**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.66/07)**

**Член 4**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.51/11)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", освен одредбата од членот 3-а став 3 на законот која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот

за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и одредбата од членот 3-б на законот која ќе започне да се применува по три месеци од влегувањето во сила на овој закон.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.152/15)**

**Член 5**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**
**од Законот за изменување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.55/16)**

**Член 3**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 4**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РСМ" бр.302/20)**

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**ПРЕОДНА И ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот изменување и дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РСМ" бр.67/22)**

**Член 5**

Подзаконските прописи донесени врз основа на Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија" број 36/1992, 12/1993, 43/2000, 66/2007, 51/11, 152/15 и 55/16 и

„Службен венсик на Република Северна Македонија" број 302/20), ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 6**

Овој закон престанува да важи со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе започне да се применува од 1 јануари 2023 година.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**
**од Законот за изменување и дополнување**
**на Законот за пријавување на живеалиштето**
**и престојувалиштето на граѓаните**
**("Службен весник на РМ" бр.209/23)**

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".